Архивски бр. 08-414/18
датум 02-12-2025

ЗАПИСНИК
ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД ШТИП

Министерот за правда со решение бр. 08-1464/1 од 30.06.2025 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2025 година.

**Комисијата за надзор на ден 14.10.2025 година во 09:45 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-3231/1 го започна надзорот во **Основен суд Штип** за контролниот период од **2022 до 2025 година**, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор во 2022 година до 2025 година.

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот Ацо Тасев, чиј мандат започнал од декември 2023 година, а во претходниот период, претседател на суд бил судијата Ѓорѓи Андонов. На увидот присуствуваа судскиот администратор Лепа Донева и информатичарот Васил Јанков.

Во зградата на Основниот суд Штип сместени се Основното јавно обвинителство Штип и државното правобранителство Штип. Кривичниот оддел од судот е сместен во дел од зградата на Апелационен суд Штип и истиот се реновира. Сметките се одвоени и истите ги плаќа судот, освен сметки за греење – нафта, која набавка ја врши Апелациониот суд во Штип.

Судот е релативно пополнет со 12 судии од предвидени 19 судиски места кои успеаваат да го совладаат приливот на предмети. Сепак, има активен оглас и доколку бидат избрани судии во повисок суд, Судскиот совет ќе треба да изврши избор на нови судии во судот, за да остане функционален и ефикасен.

**Претседателот на судот истакна дека Судското одделение во Пробиштип е целосно функционално. Сите судии во судот примаат предмети за одделението во Пробиштип, во кое судиите одат еднаш неделно со физичко присуство. АКМИС системот е функционален во Судското одделение во Пробиштип поврзани со VPN конекција со судот.**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**Препорака**
Судскиот совет, судовите, работната група во Министерството за правда да ја разгледаат опцијата за организација на помалите судови во судски одделенија.

Основниот суд Штип и судското одделение Пробиштип се успешен пример по кој може да биде спроведена организацијата на помалите судови во функционални модерни судски одделенија, технички опремени со дигитални алатки во кои судењето ќе биде овозможено физички или онлине. Судовите со проширена надлежност треба да биде зајакнат со судии кои согласно потребите ќе имаат судски денови во судските одделенија.

**Комисијата ги дава следниве општи препораки за судот**
Препорака за судови со проширена надлежност и судовите кои се соочуваат со мал обем на работа и функционалност

Судскиот совет, Врховниот суд, Апелационен суд, Министерството за правда, Министерството за финансии, Владата и Собранието веднаш да пристапат кон надминување на проблемите со кои се соочуваат малите судови и судството во целина.
За да се овозможи вистинска функционалност на судовите и случајна распределба преку АКМИС системот, потребно е во одреден суд да има најмалку 20 судии, распоредени во оддели, најмалку 5 судии во оддел и претседател на суд. Исто така, бројот на службата треба да биде 1 судија спрема 3 судски службеници. На пример, за 15 судии потребно е да има најмалку 30 стручни соработници во судот. Во однос на записничари, потребно е најмалку 1 записничар за секој судија, што значи најмалку 15 записничари + 5 записничари (кога ќе бидат на одмор или боледување) за да има доволен број на записничари за да се одржуваат сите судски расправи без никакви одложувања. Во судот потребно е да има уписничари и вработени во приемно одделение кои ќе вршат скенирање на предметите.
Исто така, во судот се потребни најмалку 3 информатичари и најмалку 1 информатичар - техничар кој ќе ја одржува опремата за да се овозможи судење на далечина. Благајник/книговодител/раководител на сметководство се неопходни за обезбедување на непречена подготовка на фактури и плати на вработените на судот. Овие функции може да се извршуваат од страна на вработени во Судскиот буџетски совет, но секако, на подрачје на суд мора да има една таква организациона служба. Хигиеничари треба да се поставаат согласно бројот на простории. Возач, автомобил, лице задолжено за греење и одржување на судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Во рамки на подрачјето на Суд со најмалку 20 судии, постојните судови кои имаат 0-5 или до 7 судии би требало да бидат трансформирани во судски одделенија, во кои би требало да има вработени: најмалку двајца стручни судски соработници, двајца записничари, еден информатичар техничар, хигиеничар, судски службеник во приемно одделение и други неопходни вработени за функционалност на судското одделение.
Суд кој не може да обезбеди обем на работа за најмалку 10 судии, не ги исполнува реално условите да биде организиран како суд, туку за модерно и опремено Судско одделение со најмалку 5 –10 простории, од кои најмалку една судница опремена со дигитални алатки согласно меѓународни стандарди. Во ова судско одделение странките ќе ги поднесуваат предметите физички или електронски, предметите ќе бидат скенирани и заведени во АКМИС, а придвижувани електронски до судот во чие подрачје ќе биде судското одделение. Судиите од судот со најмалку 20 судии ќе имаат денови на судење во судското одделение каде ќе бидат физички присутни или по исклучок на онлине судење ако се исполнети условите предвидени со закон. Во судското одделение ќе има вработена судска служба која ќе овозможи гаранции за заштита на странките и онлине судењето, односно ќе му помагаат на судијата кога ќе биде присутен физички на судењата во опремената судница во која има функционален АКМИС систем.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

# ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

1. **Програма за работа**

Су бр.135/25 од 22.04.2025
Су бр.26/23 од 17.01.2023 година

2. **Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Во судот постапуваат 6 судии во граѓански оддел и 6 судии во кривичен оддел. Претседателот на судот суди во кривичен оддел.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Су 04 бр.142/24 од 30.12.2024 година, за 2025 година со измена Су 04 бр.31/25 од 10.04.2025 година
Су 04.бр. 138/23 од 29.12.2023 година, за 2024 година
Су 04 бр. 126/22 од 30.12. 2022 година, за 2023 година
Су 04 бр. 161/21 од 30.12.2021 година, за 2022 година
Измени се направени заради избор на 2 судии во Апелационен суд Штип и поради враќање на судија во судот, а во 2025 година заради прием на новите судии и рамномерна распределба на предметите.
Су.04.бр.48/24 од 05.03.2024 година
Су.04.бр.39/24 од 20.02.2024 година
Су.04.бр.31/25 од 10.04.2025 година

4. **План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Одлука за користење на годишни одмори Су 04 бр.50/25 од 30.06.2025 година со распоред на дежурства СУ 04 бр.55/25 година
Распоред на дежурства Су 04.бр.94/24 од 12.07.2024 година
Одлука за користење на годишни одмори Су 04 бр.90/24 од 04.07.2024 година
Су 04 бр.64/23 од 16.06.2023 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

5. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Нема формирано служба за информатика, во судот е вработен еден информатичар самостоен референт извршител во одделението за информатика.
Имало објавено оглас за вработување на советник информатичар, но никој не се пријавил на огласот.

**Препорака:** Да се направат напори за унапредување на информатичарот во овој суд, со оглед на неговото работно искуство и посветеноста на работата.
Да се мотивираат информатичарите во судовите преку нова систематизација во секој суд заради примена на член 99 став 4 од Законот за судовите, согласно која ќе се формира служба за информатика:
„(4) Судовите имаат служби за информатика, како посебни организациони единици."

6. **Формиран оддел за судска практика во судот**

За следење на судска практика во судот се задолжени судиите – раководители на Кривичен и Граѓански оддел.

7. **Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Во канцеларијата за односи со јавноста и портпарол на судот е судијата Сашко Георгиев.

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Во судот, согласно постојната систематизација, предвидени се 120 места за судската служба, од кои пополнети се 53 места (околу 45% пополнетост на судот).
**Препораката за пополнување на најмалку 75% на судски службеници од систематизацијата на судот важи и за овој суд.**
Судскиот администратор Лепа Донева редовно донесува Распоред за судска служба, кој се изменува согласно потребите во судот.
Су 07 бр.3/25 од 26.02.2025 година, измена Су 07 бр. 23/25 заради заминување на вработен во пензија.
Су 07 бр. 3/24 од 04.01 2024 година
Су 07 бр. 35/22 од 30.12.2022, Су 07 бр. 34/22 од 30.12.2022 за судски соработник
Су 07 бр. 29/21 од 30.12.2021 година

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД) за 2022, 2023, 2024 и 2025 година.**

Су 07 бр.36/25 од 19.09.2025 година
Су бр. 202/22 од 27.05.2022 година

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Комисијата беше известена дека редовно се одржуваат седници на судии што беше констатирано од увид во записниците:
Су.бр.46/25 од 14.02.2025 година
Су.бр.200/25 од 30.05.2025 година
Су.бр.72/25 од 06.03.2025 година
Су.бр.422/24 од 30.12.2024 година
Су.бр.76/24 од 20.02.2024 година
Су.бр.229/24 од 01.07.2024 година
Су.бр.241/25 од 02.07.2025 година
Су.бр.177/23 од 18.04.2023 година
Су.бр.227/23 од 19.05.2023 година
Су.бр.406/22 од 11.11.2022 година
Су.бр.327/22 од 23.09.2022 година
Су.бр.184/22 од 16.05.2022 година

11. **Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Граѓански оддел Су бр.224-1/25 од 19.06.2025 година
Граѓански оддел Су бр.224/25 од 13.06.2025 година
Кривичен оддел Су бр.11/23 од 24.01.2023 година

12. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници**

Су бр.359/25 од 01.10.2025 година
Су 315/25 од 05.09.2025 година
Су 245/24 од 05.07.2024 година
Су бр.12/23 од 13.01.2023 година

**13. Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет**

Известување Су бр.03 бр. 203/23 од 04.07.2025 година
Известување Су бр. 163/23 од 05.04.2023 година

**14. Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Најстариот предмет е од 2014 година - стечај, претседателот на судот има донесено акционен план во кој е предвидено за два месеци да се завршат заостанатите предмети.
Су.бр.136/25 од 22.04.2025 година Акциски план
01 Су 6/25 од 1.02.2025 година - годишен извештај за работа на суд
01 Су бр.4/24 од 12.02.2024 година - годишен извештај за работа на суд
Су 01 бр.5/23 од 31.01.2023 година - годишен извештај за работа на суд

**15. Извештај од повисокиот суд за работата на Основниот суд Штип за 2022, 2023, 2024 и 2025 година**

Су.бр.52/25 од 16.01.2025 година
Су.бр.61/23 од 30.01.2023 година

**16. Надзор над работата на нотарите**

Се одржуваат состаноци со нотарите. Записници од одржани состаноци со нотарите:
Су.06.бр.2/22 од 11.01.2022 година
Су.06.бр.4/22 од 21.09.2022 година
Су.06.бр.2/23 од 05.10.2023 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

17. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Преку Академијата за судии и јавни обвинители има обуки за АКМИС, но нема толку често, една или две годишно. По потреба информатичарот во судот им помага на вработените. Од судот сметаат дека се потребни повеќе обуки за АКМИС.

18. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

Во судот има недостиг од информатичка опрема заради застареноста на опремата. Потребни се најмалку 15 работни станици кои треба да ги заменат застарените работни станици. Печатари има, но не се доволни. Недостасуваат печатари за во судниците и мрежни принтери за дактилобироата.
Поради чести прекини на електрична енергија, потребни се ups уреди. Комисијата беше информирана дека скоро секој ден има прекин во напојување со електрична енергија, што резултирало со дефекти на информатичката опрема.
Со одделението на судот во Пробиштип имаат воспоставено vpn конекција.

19. **Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид**

Има списоци со кориснички групи, со дефинирани привилегии за секој корисник. СУ-07 бр. 5/22 од 09.02.2022 година, СУ-07 бр. 4/23 од 23.01.2023 година, СУ-07 бр. 3/24-2 од 23.01.2024 година, СУ-07 бр. 6/25 од 04.03.2025 година. Списоците уредно се внесени во АКМИС системот.

20. **Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)**

Има списоци со кориснички групи.

21. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Според Распоредот за дежурства, во работните денови дежурен е еден судија, а за време на викенди и празници се менуваат другите судии од Кривичниот оддел, но


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

исто така дежурен е само еден судија. Доколку истиот е спречен, во распоредот е наведена неговата замена, односно постапува само еден судија. Поради тоа што постапува само еден судија, уписникот К-ПП не е на автоматска распределба, туку судијата се избира според распоредот за дежурства.
Дежурствата биле внесувани во месечниот календар до 2024 година, меѓутоа имале проблем со распределбата на итни предмети, затоа што сите итни предмети кога се распределуваат со копче судија, се доделуваат на дежурниот судија, било тој да работи или не по тие предмети.
Поради тие причини дежурствата не се внесуваат во месечниот календар. Реагирано е до работното тело и до Едусофт, меѓутоа сеуште не е постапено и немат добиено решение за наведениот проблем.
Увид во хартиена форма Су.бр.273/24-3 од 12.09.2024, СУ.бр.225/25 од 24.06.2025 година. Уредно се внесени како акти во АКМИС.

**22. Скенирање на влезни документи**

Се врши скенирање на влезни документи во приемно одделение од страна на две судски службенички. Во функција се 2 активни скенери и 2 во резерва.

**23. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием од страна на судиите.

**24. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

За администратор на АКМИС системот е назначен информатичарот во судот, со одлука на претседателот на суд СУ-04 бр.123/22 од 15.12.2022 година, уредно внесена во АКМИС. Распределбата и прераспределбата ја прават уписничарите, определени со Годишниот распоред за работа со работни цели и задачи на судските службеници во судските писарници кој го донесува судскиот администратор.

**25. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2022 , 2023, 2024 и 2025 година (175 став 5 СД)**

Има такви одлуки, направен е увид во следните одлуки:
Су - 04 бр.05/22 поради годишен одмор
Су - 04 бр.33/22 поради измена и дополнување на распоред
Су - 04 бр.17/23 поради промена на распоред за работа
Су - 04 бр. 94/24 поради судска ферија


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Су - 04 бр. 51/25-1 времено исклучување поради избор на нов судија кој ќе постапува по тие предмети. Вклучен е новиот судија и направено е ресетирање на ознаки (за да се иницира бројачот на предмети за новиот судија) за рамномерно да се распределуваат новите предмети.

**26. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2022 , 2023, 2024 и 2025 година**

Одлуки за изземања има и нивната бројка изнесува над 100 изземања на годишно ниво.
Направен беше увид во одлуки избрани по случаен избор:
Су ИЗЗ бр.17/25 од 10.02.2025 година
Су ИЗЗ бр.57/25 од 03.07.2025 година
Су ИЗЗ бр.30/24 од 26.04.2024 година
Су ИЗЗ бр.81/24 од 28.11.2024 година
Су ИЗЗ бр.156/23 од 22.11.2023 година
Су ИЗЗ бр.21/22 од 06.04.2022 година

**27. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2022, 2023, 2024 и 2025 година**

Нема одлуки за рачна распределба.

**28. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (Гр и Кр од бараниот период)**

Направен е увид во следните предмети избрани по случен избор:

- ПЛ1 -П -32/23 - Поднесен, примен и заведен на ден 09.11.2023 година, автоматски распределен истиот ден, примен од страна на судија на ден 10.11.2023 година, автоматски прераспределен на ден 24.11.2023 заради изземање.
- П4 - 31/23 - Поднесен, примен и заведен на ден 17.10.2023 година, автоматски распределен на ден 17.10.2023, примен од страна на судија на ден 18.10.2023 година, автоматски прераспределен 3 пати заради изземање и еднаш автоматски прераспределен заради разрешување на судија.
- ПРК-С-22/25 - Поднесен на ден 03.01.2025 година, примен и заведен на ден 16.01.2025 година, автоматски распределен на ден 17.01.2025 година, примен


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

од страна на судија на ден 20.01.2025 година, автоматски прераспределен на ден 14.02.2025 година заради изземање.

- К бр.331/22 - Поднесен, примен и заведен на ден 31.08.2022 година, автоматски распределен на ден 01.09.2022, примен од страна на судија на ден 05.09.2022 година.
- К - 483/24 - Поднесен, примен и заведен на ден 26.12.2024 година, рачно распределен истиот ден, примен од страна на судија на ден 27.12.2024 година.
- РО - 283/24 - Поднесен, примен и заведен на ден 20.05.2024 година, рачно распределен истиот ден, примен од страна на судија на ден 22.05.2024 година.
- П1 -38/22 - Поднесен и примен на ден 20.07.2022 година, заведен на ден 21.07.2022 година, рачно распределен истиот ден, примен од страна на судија на ден 22.08.2022 година.
- РО - 458/25 - Поднесен, примен и заведен на ден 22.08.2025 година, автоматски распределен истиот ден, примен од страна на судија на ден 25.08.2025 година.

**29. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Автоматска распределба се прави секој ден во периодот од 14 до 14:30 часот, а прераспределбите се прават во текот на денот.
На денот на надзор има 32 предмети кои чекаат за распределба.
Автоматска распределба два пати во ист ден забележана е за предметот КС 7/23.
**Објаснување од судот:** Истото е направено по одлука Су-04-107/23 од 26.10.2023 година, поради итност во постапувањето, а поради користење на одмор од судија Олгица Павловска (судијата е избришан и повторно е направен избор со копче судија).
Поради итност во постапувањето, вклучување во уписник КС на судиите Ацо Тасев, Јулијана Недкова и Невена Перица, поради користење на годишен одмор на судијата Олгица Павловска и пречка да постапува судијата Марина Здравкова. По извршената прераспределба со копче судија, исклучени се од уписник судиите Ацо Тасев, Јулијана Недкова и Невена Перица.

**30. Уписници што се водат во хартиена форма - Нема**

**31. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Вкупно судници во судот се 5, од кои во две од нив е инсталирана опрема за аудио, а една судница е комплетно опремена со видео и аудио опрема. Комисијата беше

информирана дека поради прекин со напојување на електрична енергија, во едната судница со опрема за аудио снимање настанал проблем со миксетата. Проблемот е пријавен до фирмата која ја има инсталирано опремата во судот.
Опремата за аудио и видео не е компатибилна со антивирусната програма. За да функционира снимањето се исклучува антивирусната програма што претставува проблем заради сигурност на мрежата.
Фактичката состојба е дека само една судница е активно функционална и се користи ретко по распоред.

**32. Електронска достава**

Електронска достава се врши до адвокати и адвокатски друштва, и други правни лица со активни електронски сандачиња.

ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**33. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2022, 2023, 2024 и 2025 година (член 16 СД)**

Су бр.04 147/20 од 22.09.2020 година ,
Су бр.144/24 од 03.04.2024 година,
Су 04 бр.88/22 од 16.09.2022 година

**34. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2022, 2023, 2024 и 2025 година по предлог на работното тело**

Су 04 бр.10/22од 03.02.2022 година
Со Одлука Су бр.20/25-3 од 21.01.2025 година усвоен е Годишен план
Су бр.20/25 од 16.01.2025 година
Су бр.81/24 од 21.02.2024 година

**35. Внатрешни процедури**

СУ 04 бр.10/122-2 од 03.02.2022 година
Су бр. 20/25-2 од 16.01.2025 година
Су бр. 84/23-2 од 09.02.2023 година
Су бр. 81/24-2 од 21.02.2024 година

36. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су бр.146/24 од 0504.2024 година
Су бр.387/23 од 13.10.2023 година
Су бр.4/25 од 05.01.2025 година
Су бр.338/22 од 11.11.2022 година

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

37. **Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Сите информаци за работењето на судот се објавуваат на веб страната на судот. Месечните извештаи се објавуваат месечно, кварталните на три месеци, како и полугодишниот и годишниот извештај за работата на судот. Сите други извештаи за работата на судот се објавуваат според потребата или утврдените рокови.
Исто така, портпаролот на судот по потреба закажува и одржува средби за информирање со новинарите.

38. **Огласна табла на судот**

Класична табла има. Електронска огласна табла на веб страната нема, иако од судот е побарано од работното тело и од компанијата која е задолжена за одржување на веб страницата, истата да се имплементира тоа не е сеуште средено.

39. **Простории за судии поротници и за адвокати**

Има просторија за адвокати, истата се користи и од судии поротници.

40. **Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2022, 2023, 2024 и 2025 година**

Редовно се објавуваат на веб страната на судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

После извршената анонимизација на одлуките од страна на судски службеник и после извршената синхронизација на податоците од АКМИС системот кон Врховен суд, се објавуваат на веб страната на судот.

## 41. Архива

Архивата е релативно добра, во солидна состојба, предметите нумерирани и подредени по години. Во просторијата нема влага, добро е осветлена, хигиенските услови и пристапот до предметите е лесно достапен. Предметите се наредени на метални полици. Архивата се води согласно одредбите од судскиот деловник и закон.

Увидот заврши на ден 14.10.2025 во 12:25 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk